РепубликаМакедонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД
И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
Бр. 08-8191/2
14.11.2016 година
Скопје

Министерството за труд и социјална политика Скопје, врз основа на член 193 од Закон за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), постапувајќи по барањето број 08-8191/1 од 14.11.2016 година, поднесено од претседавачот на Советот на Сојузот на Синдикатите на Македонија за промена на лице овластено за застапување во Регистарот на синдикати кој се води во Министерството го донесе следново:

# РЕШЕНИЕ

1. СЕ УВАЖУВА БАРАЊЕТО за упис на промена на лице овластено за застапување на Сојузот на Синдикатите на Македонија;
2. Во решението број 08-2914/2 од 16.04.2010 година во точка 3 како лице овластено за застапување се запишува Дарко Димовски;
3. Останатиот дел од решението останува непроменет.

## Образложение

Од страна на претседавачот на седницата на Советот на Сојузот на Синдикатите на Македонија до Министерството за труд и социјална политика доставено е барање за упис на промена на лице овластено за застапување на синдикатот.

На седницата на Советот на Сојузот на Синдикатите на Македонија – ССМ, одржана на ден 13.11.2016 година, донесена е Одлука за отповикување од функцијата претседател на Сојузот на Синдикатите на Македонија и претседател на Советот на Сојузот на Синдикатите на Македонија на Живко Митревски, кој воедно беше овластено лице за застапување. На истата седница донесена е Одлука за именување на Дарко Димовски за вршител на должноста претседател на Сојузот на Синдикатите на Македонија и претседател на Советот на Сојузот на Синдикатите на Македонија, кој воедно ќе биде и овластено лице за застапување.

Покрај доставеното Барање за промена на овластено лице, доставена е и Одлука за отповикување и Одлука за назначување на вршител на должност претседател и Записник од одржаната седница на Советот на Сојузот на Синдикатите на Македонија.

Од напред наведенит причини, а во врска со член 193 од Закон за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/.05, 106/08, 161/08, 114/09,

130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Упатство за правно средство: Против ова решение незадоволната странка има право на тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Решено во Министерството за труд и социјална политика под број 08-8194/1 од 14.11.2016 година.

МИНИСТЕР
д-р Фросина Ташевска Ременски